Уп. бр. 08-_______

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Оне Агенцу Холдинг АБ**, , со седиште лоцирано на Лунтмакаргатан 66, 113 51 Стокхолм, Шведска, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која **Оне Агенцу Холдинг АБ**, , со седиште лоцирано на Лунтмакаргатан 66, 113 51 Стокхолм, Шведска, ќе стекне единствена контрола над **Поларкејп Консалтинг АБ** со седиште на Санкт Ериксгатан 63Б 112 34 Стокхолм, Шведска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 21.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Оне Агенцу Холдинг АБ, , со седиште лоцирано на Лунтмакаргатан 66, 113 51 Стокхолм, Шведска со која Оне Агенцу Холдинг АБ ќе стекне единствена контрола над Поларкејп Консалтинг АБ со седиште на Санкт Ериксгатан 63Б 112 34 Стокхолм, Шведска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација,

прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Оне Агенцу Холдинг АБ** нуди широк спектар на висококвалитетни услуги во управувањето со технологија и ИТ кои им помагаат на клиентите да ја водат својата дигитализација побрзо, полесно и попредвидливо. Обезбедуваат високо искусна експертиза која, преку сеопфатна програма за развој на вештини, секогаш може да даде увид и решенија на сите предизвици на клиентите.

Стелла Капитал АБ индиректно ќе се стекне со контрола над Поларкејп Консалтинг АБ преку холдинг друштвото Оне Агенцу Холдинг АБ.

Стелла Капитал се специјализирани за електронска трговија, SaaS (метод на испорака на софтвер и лиценцирање каде софтверот се пристапува преку интернет преку претплата, наместо да се купува и инсталира на поединечни компјутери) и технолошки овозможени услуги.
**Оне Агенцу Холдинг АБ** и неговата Група немаат поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак оствариле било каков приход во 2022 на пазарот во Република Северна Македонија.

Дејностите на **Поларкејп Консалтинг АБ** вклучуваат дизајн на услуги, анализа на процеси и бизнис, управување со производи и сопственост на производи, агилни лидери на тимови, архитектура на решенија, управување со проекти и тестови.

Поларкејп Групата во Македонија моментално има 1 поврзано друштво:

- Друштво за компјутерски консултантски дејности ПОЛАР КЕЈП МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. 11-ти октомври бр. 1-1 кат 2 Скопје, со ЕМБС 6675344, со приоритетна дејност-компјутерско консултантски дејности.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**